РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 14-181/2
19.06.2012 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10,17/11 и 51/11), Одборот за акредитација и евалуација на 10. седница одржана на 30.05.2012 година, донесе

Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë
ЈИЕ Универзитет во Тетово - Република Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of Macedonia
Tetovë-Тетово-Tetovo

| Pranuar Примено Received | 22.06.2012 | | |
|---|---|---|---|
| Nj. org. Орг. Един. Org. unit | Numër Број No. | Shtojcë Прилог Attachment | Vlera Вредност Value |
| 03 | 672 | 2 | ✓ |

## РЕШЕНИЕ

**за акредитација на Елаборат за усогласување на студиска програма од првиот циклус универзитетски студии по Политички науки на Факултетот за јавна администрација и политички науки при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово**

1. Се акредитира студиска програма од првиот циклус академски студии **по Политички науки на Факултетот за јавна администрација и политички науки при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово,** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за студиска програма за првиот циклус универзитетски студии, во траење од три години ( шест семестри).

3. По завршените студии на првиот циклус, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со академскиот назив: **Дипломиран по политички науки-политиколог:** научно-истражувачко подрачје: Општествени науки; научноистражувачко поле: Политички науки.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

Факултет за јавна администрација и политички науки на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, по претходно донесената одлука на наставно научниот совет за давање согласност за усогласување на прв циклус универзитетски студии, како и Одлуката за усвојување на усогласените студиски програми по Политички науки од Сенатот на Унивезитетот на Југоисточна Европа во Тетово, поднесе Елаборат за акредитација на студиска програма бр.14-174/1 од 04.04.2012 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование за прифаќање и акредитација на новата студиска програма од првиот циклус.

Одборот за акредитација на 9. седница одржана на 26.04.2012 година, формира експертска комисија и на 10. седница одржана на 30.05.2012 година, врз основа доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Одборот за акредитација и евалуација**
**на високото образование**
**Проф. д-р Михаил Петковски**